# БАРАЊЕ ЗА ПОНУДИ

за

услуги за јакнење на капацитетот на Надеж за социјално претприемништво

## За проектот

Кризниот центер Надеж го спроведува проектот Прв годишен план за имплементација на Стратешкиот план на Кризниот центар Надеж 2022-2025 (Second Annual Work Plan for the Implementation of the Strategic plan of the Crisis Center "Hope" 2022-2025), финансиран преку грант договор за рамковно партнерство со Европската Унија.

Редовната работа на Кризниот центар Надеж вклучува:

Прво, обезбедување на засолниште, храна, хигиена, облека, и медицинска помош на жртви (жени и деца) на родово и семејно насилство. Корисниците исто така добиваат психосоцијална и правна помош.

Второ, подигање на свеста кај младите луѓе, жените, и општата јавност за заканата од семејното и родовото насилство. Активностите во оваа област вклучуваат: организирање на работилници, теренски активности, подготовка и дистрибуција на промотивни материјали, развој на свеста за опасноста од булинг, итн.

Во изминатиот период Кризниот центар Надеж:

Обезбеди засолниште, логистичка, прихосоцијална и правна помош на повеќе од 1.000 корисници, вклуувајќи жени, жени од рурални средини, млади девојки, од разни етнички и културни средини.

Вклучи во образовни активности на тема булинг повеќе од 120 средношколци од повеќе градови.
Дистрибуираше повеќе од 4.000 летоци и други промотивни материјали на тема превенција на насилство и булинг.
Организираше повеќе работилници и настани.
Ја зајакна соработката со институции на национално и локално ниво.

Долгорочната цел на проектот е да допринесе кон борбата против родовото и домашното насилство кон жени, девојчиња, и деца.

Проектот има четири стратешки приоритети:

Стратешки приоритет 1: Продолжување и унапредување на услугите, подобрување на квалитетот на услугите, и развој на вештинитите и капацитетот на тимот.

Стратешки приоритет 2: Долгорочна финансиска оддржливост.

Стратешки приоритет 3: Подобрување на образованието и заштитете на децата и младите.

Стратешки приоритет 4: Охрабрување на жртвите да го пријавуваат родовото и домашното насилство.

## Предмет на набавката

Предмет на набавката е развој на принципи и модели за социјално претприемништво (А 1.6.2), изработка на прирачник за социјално претприемништво (А 2.3.1) со вклучена обука и коучинг за тимот на Кризниот центар Надеж (А 1.6.1).

Предметот не набавката е дефиниран во Р 1.6 и Р 2.3 од проектот кои треба да доведат до:

R 1.6 Подобрено знаење и зајакнат капацитет на персоналот за системот на социјално претприемништво,
R 2.3 Изработен прирачник за социјално претприемништво за корисниците на Надеж

Конкретно, консултантот ќе ги испорача следниве **<u>работни задачи:</u>**

- Изработка на принципи и модели за социјално претприемништво (кои ќе бидат разработени во прирачникот),
- Изработка на прирачник за социјално претприемништво,
- Спроведување на обука за персоналот на Надеж. како и испорака на менторска поддршка.

За изработката на моделите и прирачникот консултантот ќе вложи **минимум 8 работни дена** додека за обуката и менторингот **минимум 6 работни дена**. Вкупниот ангажман ќе изнесува не помалку од **14 работни дена**.

## Максимална вредност на набавката

2.800 евра во денарска противвредност.

## Времетраење на договорот и временска рамка

5 месеци. Од 15 мај 2023 до 15 октомври 2023.

## Право на поднесување понуда

Право да поднесат понуда имаат физички лица и правни лица.

## Критериуми за физички лица:

Физичките лица треба да ги исполнат следните критериуми:

- Најмалку 2 години искуство во областа на претприемништво и социјално претприемништво

# Критериуми за правни лица:

Криериумите за правните лица вклучуваат критериуми кои се однесуваат на:

- Личната состојба на понудувачот
- Способноста на понудувачот за вршење на професионална дејност
- Техничка способност на понудувачот

## Лична состојба на понудувачот

- Во последните 5 години, на понудувачот да не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- На понудувачот да не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
- Понудувачот да не е во постапка за стечај или во постапка за ликвидација;
- Понудувачот да нема неплатени даноци, придонеси или други јавни давачки;
- На понудувачот да не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност.

## Способност за вршење на професионална дејност

Правното лице треба да ги исполнува следниве минимални услови:

- Регистрирана дејност најмалку 2 години

## Техничка способност

За да се докаже техничка способност, понудувачот треба да има членови на предложениот тим за спроведување на задачата со:

- Најмалку 2 години искуство во областа на претприемништво и социјално претприемништво

# Потребни документи за пријавување

## Физички лица

- Професионална биографија (CV**) на англиски јазик** која ќе понуди податоци за исполнување на критериумите од ова барање
- Финансиска понуда во прилижениот формат (Прилог 1).

Правни лица

- Професионална биографија/и (CV) **на англиски јазик** за членовите од тимот која ќе понуди податоци за исполнување на критериумите од ова барање
- Финансиска понуда во прилиженоит формат (Прилог 1).
- Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната состојба во приложениот формат (Прилог 2).

## Рок и начин за пријавување

Понудата треба да се испрати по мејл на info@krizencentar.org.mk, најдоцна до **11 јуни 2023**, со наслов на пораката "Консултант за социјално претприемништво".

## Критериуми и начин на избор на најповолна понуда

Понудите ќе бидат оценети  според следните критериуми:

- Квалификации на кандидатот/тимот прикажани во кратката биографија (претходно релевантно искуство) – 70 поени;
- Финансиска понуда – 30 поени

## Договор и плаќање

Со избраниот понудувач ќе се склуи договор со времетраење од 5 месеци. Исплатата ќе биде на 2 рати, на начин утврден во договорот.